АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, п. фах 16, Р. Македонија

***Јавен повик бр.1/12 за прибирање на апликации за распределба на средства Согласно декларацијата за општествена одговорност на ад ЕЛЕМ – Скопје***

## *УПАТСТВО ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ*

# ПРОГРАМА ЗА ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА

НА АД Електрани на Македонија

Скопје, јануари 2012

## СОДРЖИНА


I. ПРОГРАМА ..... 3

1.1. Позадина ..... 3

1.2. Цели на програмата и области ..... 3

1.3. Финансиска алокација ..... 5

II. ПРОЦЕС НА СЕЛЕКЦИЈА ..... 6

2.1. Критериуми за подобност ..... 6

2.2. Процедура за аплицирање ..... 6

2.3. Оценување и селекција ..... 7

III. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ФОРМУЛАРОТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ..... 9

1. Информации за организацијата ..... 9

2. Информации за проектот ..... 9

3. Предлог буџет ..... 10

4. Изјава на апликантот ..... 11

IV ПРИЛОЗИ ..... 12

# I. ПРОГРАМА

## 1.1. Позадина

АД Електрани на Македонија, со цел да придонесе кон развој на заедниците во кои делува организира распределба на средства во рамки на својата програма за вложување во заедницата. Повикот за распределување на средства е насочен кон адресирање на прашања и решавање проблеми од широк спектар на области, а на повикот може да се пријават домашни физички и правни лица. Програмата се спроведува во соработка со Здружението Конект од Скопје кои се одговорни за поддршка при селекцијата, спроведувањето и известувањето за иницијативите со што се обезбедува и соодветна транспарентност на процесот.

Целта на програмата за донации и спонзорства на АД Електрани на Македонија е да се придонесе за развој на државата, подобрување на животниот стандард и унапредување на животната средина.

## 1.2. Цели на програмата и области

Иницијативите поднесени до АД Електрани на Македонија треба да предвидат одреден сет на активности придружени со предвиден буџет. Апликаните треба да ги развијат идеите врз база на анализа на проблематиката, претходното искуство и капацитетот на апликантот.

Програмата за донации и спонзорства се стреми да обезбеди поддршка за нови активности кои апликантот досега не ги спроведувал како и иницијативи кои се покажале како особено успешни во адресирањето на потребите на локално и национално ниво. Предлог иницијативата може да содржи и комбинација на неколку комплементарни активности.

Области и приоритети кои ќе бидат поддржани се:

1) *Здравство и здравствена заштита*

Во рамки на оваа област приоритетни за поддршка се активности кои водат до видливи резултати како на пример, обезбедување на опрема, подобрување на условите на лекување во рурални обасти и сл.

Директна поддршка за лекување на индивидуалци – физички лица нема да биде поддржано во рамки на повикот.

2) *Социјална заштита*

Во доменот на социјална заштита приоритет ќе имаат активности кои обезбедуваат долгорочни решенија за социјална интеграција на маргинализирани групи.

Директна социјална поддршка на индивидуалци – физички лица нема да биде поддржано во рамки на повикот.

*3) Спорт*

Во доменот на спортот приоритет ќе имаат следните области:

- Поддршка на национални репрезентации
- Поддршка на локални спортски иницијативи во општините во кои се одвиваат операциите на АД ЕЛЕМ како на пр. Битола, Могила, Новаци, Струга, Осломеј, Гостивар, Дебар, Маврово и Ростуше итн.
- Поддршка на меѓународни спортски натпревари кои се одржуваат во Република Македонија

*4) Екологија*

Приоритетни области во доменот на заштитата на животната средина се иницијативи кои ќе донесат конкретни, видливи резултати во насока на:

- Решавање на одреден конкретен проблем; и/или
- Видлива промена во однесувањето на граѓаните и други целни групи кон заштитата на животната средина

Кампањи за подигнување на јавната свест како предоминантна активност за која се бара поддршка нема да бидат поддржани. Ваков тип на кампањи ќе се земат в предвид за поддршка само во случај кога се пропратен дел на други активности кои ќе доведат до конкретни резултати на ова поле.

*5) Култура и уметност*

Во доменот на културата приоритет ќе имаат:

- Реномирани културни манифестации од национално значење
- Иницијативи кои се стремат да ги приближат културата и уметноста до што поголем број на граѓани кои вообичаено немаат такви можности

*6) Образование и наука*

Во областа на образование и наука приоритет се следните типови на проекти/активности:

- Проекти од доменот на науката, иновациите и истражувањето кои можат да најдат практична примена во економскиот развој на национално или локално ниво
- Проекти кои нудат долгорочни решенија за подигнување на нивото на образование и континуирана едукација кај маргинализираните групи

*7) Развој на граѓанско општество*

Во областа на граѓанското општество приоритетни се локални граѓански иницијативи кои придонесуваат кон активно учество на граѓаните во решавањето на проблемите во нивната заедница.

*8) Поддршка на религиозните заедници*

Во оваа област приоритет ќе имаат проекти за обнова или реставрација на верски објекти особено оние кои се од културно-историско значење за Република Македонија.

*Напомена:* Во зависност од средствата на расплагање и квалитетот на поднесените апликации можат да бидат земени в предвид и проектни идеи кои директно не се вклопуваат во приоритетните области.

## 1.3. Финансиска алокација

Средствата за распределба ги обезбедува А.Д Електрани на Македонија- Скопје, од сопствени извори, со седиште на ул.11 Октомври бр.9, Скопје.
Средствата ќе се обезбедат во вид на финансиски средства – спонзорства, донации и сл. и во вид на услуги / материјали обезбедени од страна на АД ЕЛЕМ преку своите подружници и ДООЕЛ-и (хотелско ресторантски услуги, градежно занатски услуги, транспортни услуги, услуги од механизација, материјали и сл.).

Предвидени се два типа на поддршка преку донации и спонзорства:

**Поддршка I: 120.000 – 360.000 денари**

Овој тип на поддршка е наменет како дополнителна поддршка за активности кои се дел од редовните иницијативи на апликантот. Тие може да се реализираат на национално или локално ниво. Вообичаено тоа би биле проекти/активности за кои се веќе обезбедени одредени средства за финансирање и од други извори. Во тој случај поддршката од АД ЕЛЕМ би била дополнителна помош за реализирање на проектите.

Преку Поддршка I се предвидува да се поддржат околу 20 апликанти.

**Поддршка II: 600.000 – 3.000.000 денари**

Вториот тип е наменет за поддршка на проекти и активности во кои АД ЕЛЕМ е клучниот донатор/спонзор. Тоа се иницијативи во кои АД ЕЛЕМ би имал стратешки интерес за поттикнување и промовирање. Притоа се очекува преку овие иницијативи да се постигнат конкретни резултати и прогрес во дадената област на поддршка.

Преку Поддршка II се предвидува да се поддржат околу 5 апликанти.

# II. ПРОЦЕС НА СЕЛЕКЦИЈА

## 2.1. Критериуми за подобност

### 2.1.1. Кој може да аплицира

Право да достават апликација имаат, сите домашни, физички и правни лица со непрофитен карактер (здруженија, спортски друштва и манифестации, културни друштва и манифестации, религиозни заедници, јавни установи и сл.) кои делуваат во областите кои се поддржани.

Предност ќе имаат правните лица. Физичките лица ќе бидат поддржани во исклучителни случаи кога нивното делување е од особен интерес за Република Македонија.

Секој апликант може да достави само една апликација во рамки на повикот. Секој апликант аплицира во една од понудените области. Апликацијата на правните лица се состои од формулар за аплицирање и четири прилози образложени подолу во ова упатство.

Апликацијата на правните лица се состои од формулар за аплицирање и четири прилози образложени подолу во ова упатство.

Нецелосните апликации не се разгледуваат.

### 2.1.2. Кои проекти може да бидат поддржани

Апликациите мора да ги исполнат следните услови за да бидат подобни за поддршка:

- Апликацијата мора да биде целосно пополнета користејќи го формуларот за аплицирање, да има назначен датум и да биде потпишана и заверена со печат од одговорното лице;
- Покрај формуларот, апликацијата во прилог мора да ги содржи сите документи наведени во ова упатство;
- Апликацијата мора да биде доставена пред назначениот краен рок;
- Предложениот проект мора да е во една од областите дефинирани со повикот;
- Само проекти кои се стриктно непрофитни и чија цел е некомерцијална ќе бидат подобни за поддршка.

## 2.2. Процедура за аплицирање

Апликацијата која се состои од формулар за аплицирање и документи во прилог задолжително се поднесува во писмена форма. Формуларот за аплицирање може да се добие без надомест

на следните интернет страници: www.elem.com.mk, www.konekt.org.mk или на факс со претходно барање на телефонот 02 3224198.
Апликацијата треба да биде пополнета согласно Упатството за пополнување на апликацијата што може да се добие на истиот начин како и формуларот за аплицирање..
Заедно со формуларот за аплицирање се доставува и :

- копија од уверение за државјанство (само за физички лица)
- копија од документ за тековна состојба на апликантот (само за правни лица)
- изјава на апликантот дека во последните 5 години не му е изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари (за правни и за физички лица)
- претставување на апликантот (CV за физички лица и профил на апликантот за правни лица)
- план/програма за која се бара финансиската поддршка, а чиј дел се активностите од поднесената апликација (за правни и за физички лица)

Дополнителни информации во врска со аплицирањето можат да се добијат во Здружение Конект на 02 3224 198 или на konekt@konekt.org.mk.

Апликацијата се доставува анонимно, во еден оргинален примерок, потпишана од страна на апликантот / одговорното лице на апликантот, во затворен коверт со назнака:

"НЕ ОТВОРАЈ" - АПЛИКАЦИИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА СОГЛАСНО ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА АД ЕЛЕМ-СКОПЈЕ.

Рокот за доставување на апликацијата е најдоцна до **28.02.2012 до 16 часот** (до овој рок апликацијата да е во архивата на Здружението Конект-Скопје). Апликантите своите апликации треба да ги достават по пошта или лично на следната адреса: Здружение Конект, ул. Вељко Влаховиќ 22а-1/2, 1000 Скопје.

## 2.3. Оценување и селекција

Сите апликации ќе бидат евалуирани од страна на Комисија на АД Електрани на Македонија врз база на компетитивен процес во согласност со подолу наведените критериуми.
Селекцијата ќе се базира на евалуацијата на предлог проектите при што 100 е вкупниот максимален број на поени:

### 2.3.1. Програмски критериуми (40 поени):

- Релевантност на проектот:
  - Дали целите и очекуваните резултати адресираат специфичен проблем или прашање?
  - Дали проектот е во согласност со дефинираните области за финансирање?
  - До кој степен проектот е комплементарен со други иницијативи, национални или локални приоритети или политики на национално или локално ниво?

- Резултати/Одржливост:
  - Дали се резултатите специфични, мерливи, реално остварливи во одредена временска рамка?
  - До кој степен проектот придонесува за развој и промоција на Република Македонија и/или локалната заедница?
  - Дали иницијативата има конкретна и реална можност да биде одржлива (да продолжи) по завршувањето на финансиската поддршка?

- Иновација:
  - До кој степен проектот поседува иновативен карактер?

#### 2.3.2. Критериуми поврзани со апликантот (20 поени):

- Искуство на апликантот:
  - Дали апликантот има докажано искуство и резултати во областа за која аплицира?
  - Дали апликантот ги има потребните капацитети за спроведување на проектот?
- Углед на апликантот:
  - Дали апликантот е организација/поединец докажан и препознаен во средината во која делува?
  - Дали апликантот има докажана соработка со други организации и институции?
- Претходно искуство со АД ЕЛЕМ:
  - Дали апликантот претходно добил ваков тип на поддршка од АД ЕЛЕМ? Доколку да, кои биле постигнатите резултати?
  - Дали апликантот соодветно и согласно намената ги исползувал средствата кои му биле доделени?

#### 2.3.3. Критериуми поврзани со спроведувањето (20 поени):

- Квалитет на методолошкиот пристап за реализирање на проектот:
  - До кој степен има согласност помеѓу целите, очекуваните резултати и активностите?
- Буџет и финансирање
  - Колку е реален и разумен предложениот буџет?
  - Дали предложените трошоци во проектот се оправдани?

#### 2.3.4. Критериуми за промовирање (20 поени):

- Видливост и промоција:
  - Дали проектот предвидува активности и колку тие ќе придонесат за промоција и зголемување на видливоста?

***Напомена:*** По комплетирање на процесот на селекција, сите апликанти ќе добијат писмено известување за статусот на нивната апликација со соодветно образложение .

## III. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ФОРМУЛАРОТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Формуларот за аплицирање се состои од следните делови:

1. Информации за подносителот
2. Информации за проектот
3. Буџет на проектот
4. Изјава на апликантот

### 1. Информации за организацијата

Во делот за информации за подносителот се внесуваат информациите во предвидената апликациона форма.

### 2. Информации за проектот

2.1. Име на предлог проектот/иницијативата

Внесете го името на проектот, кое доколку иницијативата се одобри за финансирање ќе биде користено при потпишување на договорот со АД Електрани на Македонија, при промоција на програмата и останати активности за подигнување на видливоста на програмата.

2.2. Проблем/прашање кое се адресира (*прикажете ги потребите и проблемите кои ќе бидат адресирани со иницијативата)*.

Кој е проблемот кој се адресира со иницијативата? Како тој соодветствува со потребата на заедницата и/или Република Македонија? Во оваа секција потребно е концизно да го објасните проблемот или потребата на која се однесува вашата програмска активност. Притоа треба да се осврнете на тоа како ја индентификувавте потребата/проблемот и како таа одговара на потребите на заедницата и на целната група.

*Овај дел не треба да биде повеќе од една страна.*

2.3. Општа цел и специфични цели на проектот

Наведете ја општата цел на проектот со чие остварување се придонесува кон решавање на основниот проблем кој го адресира предлог проектот. Набројте ги специфичните цели на проектот. Специфичните цели треба да се дефинирани така да со нивното постигнување јасно се придонесува за решавање на горенаведениот проблем и/или ги задоволувате горенаведените идентификувани потреби.

*Овај дел не треба да биде повеќе од половина страна.*

### 2.4. Активности (*кои активности ќе се спроведат за да се постигнат поставените цели. Ве молиме вклучете детален опис на активностите)*

Набројте ги конкретните активности кои ќе ги спроведете за да се постигне секоја специфична цел. Активностите е потребно да се објаснат во наративен облик кој ќе вклучува: детален опис на активноста, кој во организацијата е одговорен за спроведување на активноста, која методологија ќе се користи, колку време е потребно да се реализира.

*Овај дел не треба да биде повеќе од една и пол страна.*

### 2.5. Очекувани резултати (*Назначете кои резултати очекувате да се постигнат со реализирање на проектот)*

Што е можно поконкретно наведете кои квантитативни и квалитативни резултати очекувате да ги постигнете со спроведување на предлог проектот. Бидете сигурни дека очекуваните резултати се реални и можат да бидат постигнати само низ наведените активности. Објаснете како ќе ги мерите резултатите кои ги наведовте. Објаснете кои мерки ќе ги употребите за да бидете сигурни дека сте ги постигнале наведените очекувани резултати.

*Овај дел не треба да биде повеќе од една страна.*

### 2.6. Временска рамка за спроведување на активностите

Наведете колку време е потребно да се реализираат програмските активности и кога истите ќе започнат да се спроведуваат.  Користете ја предвидената табела во формуларот за аплицирање. Во табелата наведете ги активностите со истата нумерација која ја користевте во описот на активностите. Во редовите на табелата обележете за секоја активност во кој период ќе се спроведува. Бидете сигурни дека сте ги испланирале временски термини што е можно пореално.

## 3. Предлог буџет

Во деталниот опис на буџетот наведете ги сите трошоци во македонски денари. Бидете што е можно попрецизни при проценката на трошоците.

### 3.1. Детален (табеларен) приказ на буџетот

Секој трошок што ќе го предвидите во предлог буџетот треба да припадне на една од категориите:

- *Плати* - цена на персоналот вклучен во имплементацијата на проектот, согласно со реалното ниво на бруто плати. Платите буџетирани за персоналот кои работат со скратено работно време во овој проект треба да бидат прикажани во овој буџет. Во делот за плати се пресметува само за процентот на време, односно часови посветени за спроведување на проектот.
- *Патни трошоци* - трошоци за патувања и/или транспорт поврзани со активностите на проектот.

- *Опрема* – цена за набавка на опрема доколку е потребна за реализација на предвидените активности**.**
- *Канцелариски материјали* **-** цена на набавка на канцелариски материјали потребни за водење на активностите на проектот како на пример хартија за печатење, тонери и сл.
- *Директни трошоци за реализирање на проектот* - трошоци кои се директно поврзани со активностите на проектот, а кои не потпаѓаат под претходните категории. Во оваа категорија на пример може да потпаднат трошоци за организирање на настани во рамки на проектот, трошоци за печатење на публикации и сл.
- *Режиски трошоци* - Општи трошоци на работење кои не се специфично поврзани со проектот. Овде потпаѓаат трошоците за потрошена електрична енергија, вода, телефон, интернет и сл.

Секој главен трошок треба одделно да биде наведен во буџетот. Во колоната за опис, потребно е да се обезбеди краток опис на трошокот. Доколку печатите постер, во категоријата за директни трошоци под опис ќе наведете "Трошоци за постер", доколку ангажирате персонал за да работи на активностите на проектот, ќе ги наведете сите според позиции во категоријата за плати.

За секоја ставка во предлог буџетот наведете дали ќе биде финансирана до страна на АД Електрани на Македонија или од друг донатор/сопствени средства. Исто така, за секоја ставка наведете дали барате финансиски или материјални средства, истото наведете го и за потребните средства обезбедени од друг донатор/сопствено учество.

Во последната колона на буџетот се внесува вкупниот буџет за секоја ставка во предлог буџетот.

### 3.2. Наративен опис на буџетот

После предложената табела потребно е да се даде наративно објаснување и оправдување на предлог буџетот. Потребно е да се обезбеди краток опис на трошоците наведени во буџетот, со објаснување на релевантноста на секој трошок во активностите на проектот. Исто така потребно е да се објасни финансирањето од други донатори (кои донатори) како и сопственото учество во проектот.

***Недозволени трошоци***: трошоци кои не потпаѓаат под ниедна категорија прикажана во форматот на буџетот и/или вклучуваат исплата на долгови, трошоци од други проекти на апликантот, трошоци кои не неопходни за спроведување на проектот, трошоци за забава, казни и пенали, камати, отпишување на загуба на апликантот.

АД Електрани на Македонија го задружува правото да го намали бараниот буџет или да ја даде донацијата/спонзорството во дел или целост како не-финансиски средства доколку смета дека тоа е потребно и соодветно.

## 4. Изјава на апликантот

Изјавата што се содржи  во формуларот за аплицирање е обврзно да се потпише, да се стави печат (за правните лица) и да се наведе датумот.

## IV ПРИЛОЗИ

5.1 Копија од уверение за државјанство на Р.М – овој документ е потребен за *физичките лица.*

5.2  Копија од документ за тековна состојба на апликантот – овој документ е потребен за *правните лица*. Документот за тековна состојба се добива по барање до Централниот регистар и се издава во краток рок. Документот за тековна состојба е засебен документ и се разликува од Решението за регистрација. Истиот може да биде прибавен од кое било физичко лице за соодветното правно лице. Тековната состојба не смее да биде постара од 6 месеци на денот одреден како краен рок за пријавување.

5.3 Изјава на апликантот дека во последните 5 години не му е изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари – потребно за правни и за физички лица.

Кај *правните лица* оваа изјава треба да биде потпишана во име на правното лице од неговиот одговорен, со печат на здружението на меморандум, со датум и место. Изјавата се потпишува под целосна морална, кривична и материјална одговорност.

*Физичките лица* ја пишуваат и потпишуваат изјавата од лично име. Не е потребно нотарење. Документот е составен од апликантите и не инволвира други институции.

5.4 Претставување на апликантот – потребно за правните и за физичките лица.

*Правните лица* задолжително го поднесуваат Профилот на организацијата. Дополнително (со цел збогатување на апликацијата) можат да достават и CV- а од лицата кои ќе бидат инволвирани во имплементацијата на предложените активности.

*Физичките лица* задолжително доставуваат CV.

5.5  Планот/ Програмата за која се бара финансиската поддршка, а чиј дел се активностите од поднесената апликација – потребно за правните и за физичките лица.

Правните лица го приложуваат Годишниот План или соодветната Програмата на организацијата во која спаѓаат активностите од апликацијата за коишто се бара

финансиската поддршка. Овој документ треба да укаже на тоа дека предложениот проект или активност се вклопуваат во целокупното работење на организацијата и се однапред предвидени.

Физичките лица, следствено, ја претставуваат поширокaта рамка (слика) во која ќе спаѓа проектот/активностите. Документот треба да покаже поради што активноста е од особено значење за Република Македонија.